3. Во случај кога Корисникот и Сопственикот на предметната инсталација се посебни правни или физички лица, условите пропишани со ова Одобрување се однесуваат подеднакво и на Корисникот и на Сопственикот на инсталацијата. Неисполнување на условите пропишани со ова Одобрување од страна на Корисникот значи и неисполнување на условите од страна на Сопственикот, а сите негативни импликации од тоа ќе ги сноси Корисникот, односно Сопственикот, вклучувајки надомест на штети и повлекување на ова Одобрување.
4. Ова Одобрување има времен карактер. Важноста на Одобрувањето истекува најдоцна на **31.12.2029** год. Овој рок може да биде продолжен, односно намален, или Одобрувањето да биде повлечено согласно условите дефинирани во **Дел III** (Општи услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Одобрувањето) и **Дел IV** (Посебни услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Одобеувањето) од ова Одобрување.

5. Ова Одобрување не може да се пренесува на друго правно или физичко лице.
6. За секоја измена на адресата и на другите податоци за контакт Корисникот, односно Сопственикот треба веднаш да го извести Јавното претпријатие, во спротивно сите негативни последици предизвикани од неможноста за комуникација поради измена на овие податоци ќе бидат на сметка на Корисникот односно Сопственикот.

Дел II. Податоци за предметот на Одобрувањето, патот, местоположбата и начинот на водење

1. Предмет на ова Одобрување е:
   Попречен премин на СН кабелски вод во заштитна PVC цевка Ф160мм под мост
2. Предметот на ова Одобрување треба да биде изведен на **Регионален пат: Р2247 (Р-209),** Павлешенци (врска со Р1204)-Татомир-Секулица-врска со Р1205
3. Делница: **клучка Туралево-с.Туралево,**
   стационажа на попречниот премин: **км. 28+940 под мост на Кратовска река**
4. Краток опис, местоположбата и основни податоци:
   - нема

Појаснување за Делот III и Делот IV од ова Одобрување:
Со **Делот III** (Општи услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Одобрувањето) и **Делот IV**(Посебни услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Одобрувањето) дефинирани се условите за изведување на работите и користењето согласно ова Одобрување, при што:

- сите услови пропишани во **Делот III** (Општи услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Одобрувањето), кои не се изменети, дополнети или избришани во делот **Делот IV**(Посебни услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Одобрувањето) остануваат во важност.
- со **Делот IV** (Посебни услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Одобрувањето) се менуваат, дополнуваат или бришат услови пропишани во **Делот III** (Општи услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Одобрувањето),
- Условите пропишани во **Делот IV** (Посебни услови за изведување на работите и користење во периодот наважноста на Одобрувањето) **имаат предимство** во однос на условите пропишани во **Делот III** (Општи услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Одобрувањето),
- Сите услови и обврски пропишани кон Корисникот на ова Одобрување претставуваат услови и обврски кон Сопственикот на предметот на ова Одобрување.

Дел III. Општи услови за изведување на работите (поставување на инсталацијата) и користење во периодот на важноста на Одобрувањето

III.а. Општи услови за изведување на работите

1. Сите трошоци за изведување на работите ги сноси Корисникот на Одобрувањето.
2. Рокот за изведување на работите е дефиниран во **Дел IV.a.** (Посебни услови за изведување на работите)
3. Работите треба да ги изведува Изведувач кој има потребно искуство, квалификации, опрема, овластувања и лиценци за изведување на оваков вид на работи.
4. Работите да се изведат во согласност со:
   (i). Условите дефинирани со ова Одобрување,
   (ii). Поднесеното Барање и приложената документација, наведена во **Дел V** (Документација врз основа на која е издадена оваОдобрување),
   (iii). Записникот од теренскиот увид наведен во **Дел V** (Документација врз основа на која е издадена оваОдобрување),
   (iv). Законската регулатива,
   (v). Други услови дефинирани во **Дел IV.a.** (Посебни услови за изведување на работите)
5. Работите треба да се изведуваат согласно важечките технички прописи и стандарди, вклучувајки ги и нормативите поврзани со заштитата на животната средина, користење на атестирани материјали со потребен квалитет и друго.
6. Корисникот на ова Одобрување, на своја сметка, пред да започне со било какви припреми или изведување на работите ќе ги реши потребните имотно правни прашања со сопствениците или корисниците на земјиштето на локацијата на која треба да се изведуваат работите. Корисникот е единствено одговорен и ги прифаќа сите обврски, одговорност или оштетни побарувања од трети лица по сите прашања поврзани со имотно правните работи за потребите на овој Проект.
7. Корисникот на ова Одобрување, на своја сметка, пред да започне со било какви припреми или изведување на работите ќе ги обезбеди сите потребни одобренија, согласности и дозволи од надлежните институции за изведување и користење на предмето на Одобрувањето.
8. Во текот на изведување на работите, Изведувачот не смее да го зафаќа патот, објектите и опремата на патот, како и целиот патен и заштитен појас со било каков градежен материјал, опрема и механизација и сл. По завршување на работите сите непотребни материјали треба да бидат отстранети од локацијата. Вишокот на ископана земја, градежниот шут или отпад треба да бидат транспортирани и депонирани во најблиската легална депонија.
9. Корисникот на Одобрувањето е одговорен и е должен работите да ги изведува крајно внимателно, односно со својата работа да не причини никакви штети на туѓ имот кој е во патниот или заштитниот појас. Надоместот за било какви причинети штети на патот, на околниот имот или животната средина, кои ќе настанат поради неорганизираност, немарност, нестручност, невнимание, загадување и други причини за кои е одговорен Корисникот ќе бидат на негова сметка. Соодветно, Корисникот на Одобрувањето е единствено одговорен и за сите останати законски последици кои ќе произлезат од изведувањето на работите.
10. Корисникот на Одобрувањето е одговорен и должен да ги превземе и спроведе сите технички и заштитни мерки и услови, и е единствено одговорен, за безбедоноста и сугурноста на целокупната работна рака вклучена во изведувањето на работите, кои се пропишани со важечките закони, стандарди и правилници. Соодветно Корисникот ќе обезбеди соодветни осигурувања за целиот персонал и работна рака вклучена во реализација на работите.

11. Работите треба да се изведуваат под сообраќај без попречување на постојниот режим на сообраќајот, освен ако тоа не е поинаку дефинирано во **Дел IV.а**. (Посебни услови за изведување на работите).
    Корисникот на Одобрувањето е целосно одговорен за превземање на сите потребни мерки и исполнување на сите услови за обезбедување на сигурен и непрекинат сообраќај на постојниот пат за цело време на изведување на работите, при што Јавното претпријатие за државни патишта не сноси никаква одговорност во врска со истото.
    Во случај ако изведувањето на работите условува изменет режим на сообраќајот, Корисникот на Одобрувањето:
    (i). е должен навремено да ги изготви сите потребни документи и планови и да ги добие или обнови сите потребни согласности и одобренија од надлежните државни органи за изменет режим на сообраќајот кои се неопходни за непречено и континуирано изведување на работите,
    (ii). ќе ја обезбеди, постави и одржува целокупната сообраќајна сигнализација и опрема за цело време на важноста на изменетиот режим на сообраќајот, при тоа целосно почитувајки ги и спроведувајки ги условите од согласностите и одобренијата од надлежните органи,
    (iii). секогаш кога се планира измена на режимот на сообраќајот на постојниот пат поради изведување на работите, навремено ќе ја извести јавноста и учесниците во сообраќајот преку електронските и печатени медиуми,
    (iv). ја сноси целокупната одговорост за сите причинети штети и оштетни побарувања од трети лица кои се должат на негови пропусти да обезбеди сигурен, непрекинат и безбеден сообраќај за целиот период на изведување на работите, до нивниот технички прием,
12. Контрола од страна на Јавното претпријатие
    (i). За исполнување на условите наведени во ова Одобрување, Јавното претпријатие за државни патишта ќе ангажира стручно лице кое ќе биде присутно и ќе го надгледува и контролира извршувањето на работите. Ангажираното стручно лице има овластување:
        - континурано да го следи извршување на работите,
        - да издава налози на Корисникот на Одобрувањето со кои ќе бидат во целост почитувани и спроведени пропишаните услови,
        - да учествува во техничкиот преглед на изведените работи,
        - да ги стопира работите во случај ако Корисникот не се придржува кон пропишаните услови,
        - да ги стопира работите за да се спречат или минимизираат можни штети на патот, патниот појас, имотот на трети лица, или нарушување на безбедноста на сообраќајот и сл.,
        - да предложи на Јавното претпријатие за државни патишта Одобрувањето да биде повлечено,
        - други работи дефинирани во **Дел IV.а**. (Посебни услови за изведување на работите).
    (ii). Трошоците за ангажирањето на стручното лице ќе бидат на сметка на Корисникот на Одобрувањето.
    (iii). Корисникот на Одобрувањето нема да попречува и ќе овозможи непречен пристап во секое време на стручното лице, и на други лица назначени од Јавното

претпријатие за државни патишта, до локацијата каде се изведуваат работите и до целокупната документација која се однесува на ова Одобрување.

13. Технички преглед на изведените работи:
По завршување на целокупните работи, локацијата на која се изведени работите треба да биде детално очистена од материјали, градежен отпад, опрема и друго, што е предуслов за вршење на технички преглед. Техничкиот преглед го извршуваат претставници на Корисникот на Одобрувањето и ангажираното стручното лице, а по потреба и други претставници назначени од Јавното претпријатие, при што се изготвува и потпишува Записник кој содржи краток опис на изведените работи, отстапувањата во однос на издаденото Одобрување, работи кои треба да бидат довршени, во кој рок и слично. Кон Записникот од техничкиот преглед треба да биде приложена и техничка скица со точна вцртана местоположба на предметот на Одобрувањето во однос на патот. Еден оригинален примерок од Записникот за технички преглед (со сите прилози) се доставува до Јавното претпријатие за државни патишта.
Записникот од Техничкиот преглед не го ослободува Корисникот на ова Одобрување од надомест на било какви штети причинети врз патот, патниот и заштитниот појас во текот на користењето на инсталацијата и важноста на Одобрувањето.

14. а) Јавното претпријатие ќе ги стопира работите и ќе го повлече Одобрувањето, ако Корисникот на Одобрувањето:
(i). Не се придржува кон условите наведени во Одобрувањето,
(ii). Не ги почитува налозите издадени од стручното лице одредено од Јавното претпријатие за државни патишта,
(iii). Не ги изведе и комплетира работите во дадениот рок, вклучувајќи го и рокот во кој ќе биде толерирано доцнење и кој е наведен **Дел IV.а.** (Посебни услови за изведување на работите),
(iv). Не се изврши технички преглед на работите, не биде изготвен Записник од техничкиот преглед, или Записникот не биде доставен до Јавното претпријатие за државни патишта,
(v). во други случаи пропишани со Одобрувањето и со законската регулатива.

б) Во случај ако Одобрувањето биде повлечено, Корисникот ќе ги надомести сите трошоци и штети кои ги претрпело Јавното претпријатие за државни патишта или трети лица, вклучувајќи:
(i). штети на патот и штети во патниот и заштитниот појас,
(ii). трошоци за доведување на локацијата во првобитна состојба,
(iii). трошоци и штети предизвикани кон трети лица,
(iv). штети предизвикани од загрозување на безбедноста на сообраќајот,
(v). други штети предизвикани од Корисникот на Одобрувањето.

15. Трошоци кои ги надоместува Корисникот пред издавање на Одобрувањето:
(i). надомест за издавање на ова Одобрување,
(ii). трошоци за извршување на теренски увид и изготвување на Записник од теренскиот увид,
(iii). трошоци за ангажирање на стручно лице кое ќе го надгледува и контролира извршувањето на работите согласно ова Одобрување.
(iv). други трошоци дефинирани во **Дел IV.а.** (Посебни услови за изведување на работите).

Висината на овие трошоци ги одредува Јавното претпријатие за државни патишта. Пресметаните трошоци Корисникот треба да ги уплати на жиро сметка на Јавното претпријатие за државни патишта пред издавање на Одобрувањето.

16. Други услови наведени во **Дел IV.а.** (Посебни услови за изведување на работите).

III.6. Општи услови за користење во периодот на важноста на Одобрувањето

1. **Ова Одобрување има времен карактер.**
   Согласно Законот за јавните патишта, Јавното претпријатие за државни патишта е надлежно за комплетно финансирање, проектирање, изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта, како и други работи поврзани со управувањето на државните патишта. Во наредниот период се планираат значителни активности на државните патишта, вклучувајќи изградба на нови, или реконструкција и подобрување на постојните државни патишта и објектите на нив. Во тој правец Јавното претпријатие за државни патишта, преку стратегијата за развој, како и петтогодишните и годишните планови и програми ќе направи напор да ја подобри постојната патна инфраструктура која ќе опфати значителни и сериозни инвестициони активности, што може да услови измени и во делот на поставените инсталации.
2. Јавното претпријатие за државни патишта ќе го повлече ова Одобрување пред истекот на неговата важност, наведена во **Дел V** (Општо), без обврска за надомести на било какви штети на Корисникот, во следните случаи:
   (i) доколку со Годишните програма се планирани активности за изведување на градежни работи кои се однесуваат на изградба, реконструкција, одржување, или заштита на патот со кои ќе се подобрат градежно-техничките и сообраќајно-безбедностите услови на овој патен правец. Во оваков случај Јавното претпријатие за државни патишта ќе го повлече ова Одобрување, со претходно писмено известување до Корисникот на Одобрувањето, во рок дефиниран во **ДелIV.6.** (Посебни услови за користење во текот на важноста на Одобрувањето). Во овој период Корисникот на Одобрувањето има обврска да ја дислоцира, или да ја означи точната местоположба (во зависност од потребата) на својата инсталација за да овозможи несметано изведување на планираните градежни работи. Во случај на повлекување на ова Одобрување, трошоците за таквата дислокација се на сметка на Корисникот на Одобрувањето. Доколку во тој период Корисникот не успее да ја дислоцира својата инсталација, ќе се смета дека Јавното претпријатие нема никакви обврски кон Корисникот на Одобрувањето, а работите ќе ги изведува согласно планираната динамика без обврски за надомест на било какви оштетни побарувања предизвикани од изведување на градежните работи на патот или објектите на патот.
   (ii) доколку со користењето на предметната инсталација се предизвикуваат неповолни влијанија врз животната средина или безбедоста на сообраќајот и здравјето на луѓето, констатирано од надлежни државни органи или доколку

други надлежни државни институции или инспекциски органи донесат соодветно решение за тоа,

(iii) доколку Корисникот не ги отстранува навремено недостатоците кои ќе бидат евидентирани и констатирани од Јавното претпријатие за државни патишта или други државни или инспекциските органи,

(iv) доколку не ги исплати причинетите штети, кон Јавното претпријатие за државни патишта и кон трети лица, а кои се предизвикани од користењето или неповолното влијание на предметната инсталација,

(v) во случај ако Корисникот односно сопственикот на ова Одобрување падне во стечај или ликвидација,

(vi) ако Корисникот на ова Одобрување или сопственик на инсталацијата, односно предметната инсталација биде превземена од друг корисник или сопственик, доколку новиот Корисник претходно не обезбеди ново Одобрувањето на свое име,

(vii) во случај ако Корисникот не ги исполни условите наведени во наредната точка **3** од овој **Дел III.б.**

(viii) доколку Корисниот на Одобрувањето навремено не ги подмирува надоместоците за користење,

(ix) други случаи дефинирани во **Дел IV.б.** (Посебни услови за користење во текот на важноста на Одобрувањето).

3. Условите за користење дефинирани со ова Одобрување, во текот на неговата важност, може да претрпат измени и дополни:

   (i) во случај на измена на законската регулатива со која се регулира предметната област или се менуваат условите.

   (ii) измена на технички услови, прописи и стандарди со кои се зголемува сигурноста, безбедности и заштитата, или кои се задолжителни за користење и примена.

   (iii) во други случаи дефинирани во **Дел IV.б.** (Посебни услови за користење во текот наважноста на Одобрувањето).

   Трошоците за исполнување на барањата предизвикани од изменетите услови се на сметка на Корисникот. На барање на Јавното претпријатие Корисникот е должен истите да ги спроведе во рокот дефиниран во **Дел IV.б.** (Посебни услови за користење во текот на важноста на Одобрувањето).

4. Корисникот кој нема важечко Одобрување или важноста на Одобрувањето е истечена, а истото не е обновено, Јавното претпријатие нема обврска да го информира за било какви активности на државните патишта, а настанатите штети кои ќе ги претрпи тој Корисник ќе бидат на негова сметка.

5. Доколку во текот на важноста на ова Одобрување дојде до оштетување на патот или патното земјиште, или штети на трети лица предизвикани од предметот на ова Одобрување, сите трошоци за поправка и санирање на тие штети ќе бидат на сметка на Корисникот.

6. Доколку дојде до неповолни влијанија и бидат причините штети на животната средина предизвикани од користењето на предметот на ова Одобрување, трошоците за санирање на тие штети и последици ќе ги надомести Корисникот на Одобрувањето.

7. Доколку во текот на користењето, Корисникот на Одобрувањето има потреба за одржување или интервенција на предметот на ова Одобрување, Јавното претпријатие

треба да биде писмено известено за тоа во рокот кој е дефинирано во **Дел IV.6.** (Посебни услови за користење во текот на важноста на Дозволата), освен во случаи кога итноста на таа интервенција не го дозволува тоа, а известувањето може да биде и во пократок временски период. Доколку при одржувањето или интервенцијата бидат предизвикани било какви штети кон Јавното претпријатие, односно патната инфраструктура или трети лица, Корисникот на Одобрувањето истите ќе ги надомести во целост на своја сметка. Корисникот, пред да започне со било какво одржување или интервенција на инсталацијата е единствено и целосно одговорен да ги превземе и спроведе сите потребни мерки поврзани со прашањата на безбедноста на сообраќајот и безбедноста на работната рака вклучена во извршувањето на работите.

8. Јавното претпријатие за државни патишта не сноси никаква одговорност за надомест на било какви претрпени штети врз предметот на ова Одобрување, кои би настанале поради оштетувања од сообраќајот и сообраќајното оптоварување на патот, одрони, клизишта, елементарни непогоди, работи на патот и користење на тешка градежна механизација поради изградба, реконструкција и одржување на патот, виша сила, трошоци и давачки кои може да бидат наметнати од концесионери на патот, штети причинети од трети лица и др.
9. Јавното претпријатија за државни патишта не сноси никаква одговорност за надомест на било какви претрпени штети, изгубена добивка или било какви други надоместоци, доколку предметната делница делумно или целосно биде затворена за сообраќај, без разлика на должината на временскиот период, поради изведување на градежни работи на патот.
10. Јавното претпријатие за државни патишта не сноси никаква одговорност за надомест на било какви претрпени штети, изгубена добивка или било какви други надоместоци, доколку државниот пат за кој се однесува ова Одобрување го изгуби тоа својство согласно Законот за јавните патишта, или биде прекатегоризиран во понизок ранг со што Корисникот би претрпел штета. Истото се однесува и за случаи ако со изградба, реконструкција или одржување предметниот пат или негова делница го изгуби својството на јавен пат.
11. Корисникот на Одобрувањето ќе исплаќа надоместок за користење во целиот период на важноста на Одобрувањето како што е тоа регулирано до **Дел IV.6.** (Посебни услови за користење во текот на важноста на Одобрувањето).
12. Корисникот на Одобрувањето, најдоцна во рокот наведен во **Дел IV.6.** (Посебни услови за користење во текот на важноста на Одобрувањето), ќе достави писмено барање за обновување, односно продолжување на истото, во спротивно ќе се смета дека по истекот на неговата важност Одобрувањето е повлечено, а сите негативни последици од понатамошното користење ќе ги сноси Корисникот.
13. Ако Корисникот не достави барање за продолжување на важноста на Одобрувањето или ако не биде дозволено продолжување на Одобрувањето, по истекот на важноста на ова Одобрување Корисникот во рок наведен во **Дел IV.6.** (Посебни услови за користење во текот на важноста на Одобрувањето), ќе ја отстрани предметната инсталација на своја сметка. По истекот на овој рок, доколку инсталацијата не е отстранета, истата има третман на бесправен објект, а сите негативни последици и штети се на сметка и одоговорност единствено на Корисникот.

14. Други услови, ако се такви дефинирани во **Дел IV.б.** (Посебни услови за користење во текот на важноста на Одобрувањето).

Дел IV. Посебни услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Одобрувањето

IV.а. Посебни услови за изведување на работите

1. Рокот за изведување на работите е:
   150 дена, сметајќи од денот кога е издадено ова Одобрување.
2. Други услови за изведување на работите:
   - Преминоте под мостот да се изврши исклучиво како во приложената техничка документација. Ако Јавното претпријатие, во било кое време утврди дека Корисникот постапил спротивно на овој услов, ќе ја отстрани предметната инсталација на сметка на Корисникот, без обврска за претходно писмено известување, а Корисникот нема право на надомест на било какви претрпени штети предизвикани при таквата дислокација.
3. Други овластувања на стручното лице:
   - нема
4. Толеранција за доцнење во комплетирање на работите:
   90 дена, по крајниот рок за изведување на работите.
5. Јавното претпријатие ќе ги стопира работите и ќе го повлече Одобрувањето, и во следните случаи:
   - Ако Корисникот изведува работи во патниот појас спротивно на ова Одобрување
6. Други трошоци кои ги надоместува Корисникот на Одобрувањето:
   - нема
7. Други посебни услови за изведување на работите:
   - нема

IV.6. Посебни услови за користење во текот на важноста на Одобрувањето

1. Рок за писмено известување до Корисникот на Одобрувањето:
   најмалку 60 дена пред да започнат било какви градежни активности на патот.
2. Јавното претпријатие ќе го повлече Одобрувањето и во следните случаи:
   - нема.
3. На барање на Јавното претпријатие, Корисникот е должен изменетите условите да ги спроведе во рок од:
   60 дена од денот на известувањето.
4. Рокот за писменото известување до Јавното претпријатие е:
   најмалку 7 дена пред да биде превземена било каква интервенција во инсталацијата.
5. Надомест за користење на инсталацијата во периодот на важноста на ова Одобрување:
   Не се плаќа надомест,
   Ако во иднина се донесат соодветни одлуки за наплата на надоместок за користење на патното земјиште и објектите со кои управува Јавното претпријатие, Корисникот ќе биде обврзан да го плаќа тој надоместок.
6. Рок за доставување на писмено барање за обновување, односно продолжување на Одобрувањето
   Најмалку **3 месеци** пред истекот на важноста на Одобрувањето.
7. Рок за отстранување на инсталацијата:
   6 месеци по истекот на важноста на Одобрувањето.
8. Јавното претпријатие, со претходно писмено известување до Корисникот, ќе ја отстрани инсталацијата на сметка на Корисникот, ако во било кое време утврди дека истата е изведена (вградена) во патниот појас спротивно на ова Одобрувањето. Корисникот има целосна одговорност и ќе ги надомести сите штети на патот и патниот појас кои ќе произлезат од отстранувањето на инсталацијата. За можните штети предизвикани на инсталацијата при нејзиното отстранување Јавното претпријатие не сноси никаква одоговорност.

Дел V. Документација врз основа на која е издадено ова Одобрување:

1. Барање бр.**03-7/1** од 13.08.2024год, заведно кај Јаното претпријатие под број **УП10-144/1** од 16.08.2024година (и дополнително доставени прилози бр.03-7/2 од 26.08.2024 пристигнати во Јавното претпријатие на 02.10.2024 год. и заведени под бр.**УП10-144/2**
   Подносител: **ЕВН Македонија АД Скопје-КЕЦ Кратово**
   Предмет на барањето:
   Регионален пат Р2247 (Р-209): попречен премин на СН кабелски вод на км. 28+940 под мост на Кратовска река.
2. Записник **бр. 144/1**-1 од извршен теренски увид на 22.08.2024г.
3. Приложена проектна документација:
   - Ситуација со внесени стационажи
   - Карактеристичен попречен профил на местото на преминот со внесена стационажа.
4. Проектант:
   ГЕОМЕТАР ПРО.ИНГ доо-Свети Николе (изработен 19.09.2024 год.) Деловоден број: 08-102/4

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на поднесеното Барање и пропратната документација наведена погоре, Јавното претпријатие за државни патишта го прифати истото и ги пропиша условите под кои се издава ова Одобрување.

Упатство за правното средство:
Подносителот на Барањето има право на жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање во управни работи од втор степен од областа на транспортот и врските во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на Одобрувањето.

В.Д. Директор
Коце Трајановски

Изработил: Роберто Тошевски
Контролирал: Кирил Каркалашев
Одобрил: Зоран Велков

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Бр/Nr. 10-8272/2

Скопје/Shkup 07 -09- 2024 година/viti

ДО СТУДИО ЏОН И ЏОНИ доо
ул. Анкарска 23, стан 2
1000 Скопје

Предмет:Податоци и информаци

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 924-2/24 од 29.07.2024год. за добивање податоци и информации за постоечки и планирани објекти и инсталации потребни за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8-Водови за пренос на електрична енергија-Изградба на нов крак од 10kV вод – извод Села, на делница од постоечки столб до нова трафостаница во село Туралево-Општина Кратово, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-8272/1 од 30.07.2024 година:

- Ажурирана геодетска подлога со нанесен опфат.

Од доставениот и разгледани прилог констатирано е дека трасата на предметниот кабелски вод се вкрстува со регионалниот пат Р2247 (Р-209), за кој во плановите на Јавното претпријатие за државни патишта не е предвидено проширување ниту менување на сегашната траса. Бидејќи трасата на кабелскиот вод се вкрстува со државниот пат, потребно е до Јавното претпријатие за државни патишта Инвеститорот да достави барање за добивање Одобрување за премин на инсталација. Во секој случај условите за преминот на кабелскиот вод ќе зависат од конкретните услови на терен и истите ќе бидат дефинирани во Одобрувањето.

Со почит,

В.Д. Директор
Коце Трајановски

Изработил: Драгица Гашпарова
Контролирал: Кирил Кајкалашев
Одобрил: Зоран Велков

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
ш. "Dame Gruev" nr.14
Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk
Web: www.roads.org.mk

1

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup

0801-3422/2
08-08-2024

До

ЦОН И ЦОНИ ДОО Прилеп, Подружница Скопје

Ул.„Анкарска“ бр.23/2

1000 Скопје

Предмет: Одговор на барање

Во врска со Вашиот допис со број 924-2/24 од ден 29.07.2024 година и број на постапка 64006 од Е-урбанизам, со кој барате да ви доставиме податоци, информации и мислење за **„Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 –Водови за пренос на електрична енергија – Изградба на нов крак од 10 kV вод - извод Села, на делница од постоечки столб до нова трафостаница во село Туралево– Општина Кратово“**, ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје ве информира за следново:

По разгледување на Вашето барање и доставена подлога со граници на плански опфат констатиравме дека истиот се наоѓа надвор од железничкиот појас.

ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје нема забелешки на истиот.

Со почит,

Помошник директор за пруги

Дритон Руси

Изработил: Александар Равњашки

Проверил: Ѓорѓи Пушев

Согласен: Добрила Илиева

Ул. Јордан Мијалков бр. 50-б, 1000 Скопје, П. фах 543 | Тел. +389 (0) 23 227 903 | Факс: +389 (0) 22 462 330
Rr. Jordan Mijalkov nr. 50-b, 1000 Shkup, K. Postal 543 | Tel. +389 (0) 23 227 903 | Faks: +389 (0) 22 462 330
www.mzi.mk | e-mail:info@mzi.mk

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-23/2-304 од 07.08.2024
Скопје

Одговорно лице: Ѓорѓи Цветковски

Контакт телефон: 072 931 355

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,
Во врска со Вашиот допис број 924-2/24 од 29.07.2024 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје, за Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 –Водови за пренос на електрична енергија – Изградба на нов крак од 10 kV вод - извод Сала, на делница од постоечки столб до нова трафостаница во село Туралево– Општина Кратово, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☐ 10(20)kV Подземна мрежа
☒ 10(20)kV Надземна мрежа

☐ 0.4kV Подземна мрежа
☒ 0.4kV Надземна мрежа

☒ Друго Во рамки на опфатот предвидена е 10(20)kV Подземен вод – дадени во прилог.

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани слоеви) со исцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.


Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (исцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за процена дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетрајање во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,
Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг


Датум: 8/5/2024
Turalevo 2
Легенда
Постоечка мрежа
Новопланирана мрежа
Демонтирана мрежа
0
0.075
0.15
0.3 Kilometers
1:4,514

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

Бр.11-5124/1

09.08.2024

До

Студио Џон и Џони
ул.Анкарска 23-2
1000, Скопје

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање број 924-2/24 од 29.07.2024 година, (наш број 11-5124 од 31.07.2024 година) за податоци и информации потребни за изработка **на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 –Водови за пренос на електрична енергија – Изградба на нов крак од 10 kV вод - извод Села, на делница од постоечки столб до нова трафостаница во село Туралево– Општина Кратово**, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Ангела Георгиевска

Проверил: Јасмина Ставр

Eli Popovska

Digitally signed by Eli Popovska
Date: 2024.08.09 14:30:53 +02'00'

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС и геодетски работи

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Бр/Nr. 10-8272/2

Скопје/Shkup 07-08-2024 година/viti

ДО СТУДИО ЏОН И ЏОНИ доо
ул. Анкарска 23, стан 2
1000 Скопје

Предмет:Податоци и информаци

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 924-2/24 од 29.07.2024год. за добивање податоци и информации за постоечки и планирани објекти и инсталации потребни за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8-Водови за пренос на електрична енергија-Изградба на нов крак од 10kV вод – извод Села, на делница од постоечки столб до нова трафостаница во село Туралево-Општина Кратово, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-8272/1 од 30.07.2024 година:

- Ажурирана геодетска подлога со нанесен опфат.

Од доставениот и разгледани прилог констатирано е дека трасата на предметниот кабелски вод се вкрстува со регионалниот пат Р2247 (Р-209), за кој во плановите на Јавното претпријатие за државни патишта не е предвидено проширување ниту менување на сегашната траса. Бидејќи трасата на кабелскиот вод се вкрстува со државниот пат, потребно е до Јавното претпријатие за државни патишта Инвеститорот да достави барање за добивање Одобрување за премин на инсталација. Во секој случај условите за преминот на кабелскиот вод ќе зависат од конкретните услови на терен и истите ќе бидат дефинирани во Одобрувањето.

Со почит,

В.Д. Директор
Коце Трајановски

Изработил: Драгица Гашпарова
Контролирал: Кирил Карајанишев
Одобрил: Зоран Велков

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë

ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
п. "Даме Груев" бр.14
Republika e Maqedonisë së Veriut

Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk
Web: www.roads.org.mk

1

Република Северна Македонија
Министерство за култура
УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës
DREJTORIA PËR MBROJTJEN E TRASHËGIMISË KULTURORE

Бр. 17-2686/2
21-08-2024 година
Скопје

ДО
СТУДИО ЏОН И ЏОНИ
ул. Анкарска бр.23-2

1000 Скопје

Предмет: Доставување податоци
Врска: Ваше барање бр. 924-2/24 од 29.07.2024 година.

Во врска со вашето барање за добивање податоци за постоење на културно наследство за изработка на **урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 –Водови за пренос на електрична енергија – Изградба на нов крак од 10 kV вод - извод Села, на делница од постоечки столб до нова трафостаница во село Туралево– Општина Кратово,** Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека во границите на опфатот не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при реализацијата на планот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

Со почит,

в.д. Директор
Весела Чештоева

Изработил: м-р А. Петковска
Проверил/Одобрил: м-р Б. Јовановска

Управа за заштита на културното наследство
Drejtoria për Mbrojtjen e Trashëgimisë Kulturore
ул. „Павел Шатев" бр. 3, Скопје
Rr."Pavel Shatev" nr. 3, Shkup
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

ОПШТИНА КРАТОВО

До
СТУДИО ЏОН И ЏОНИ Скопје

Бр.12-977/2
од 30.07.2024 год.
Единица на локлана самоуправа
Општина Кратово
Одделение за урбанизам,комунални работи и заштита на животната средина и лер
Плоштад„Павел Шатев„бр.1
1360 Кратово
Тел./факс 031/481-202,
www.opstinakratovo.gov.mk
e-mail: contact.kratovo@gmail.com

Предмет:ПИМ
Врска: Ваш број 924-2/24 од 29.07.2024 година

Почитувани,
Во врска со вашето барање за податоци и иформации во постапка на изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8-Водови за пренос на електрична енергија-Изградба на нов крак од 10kV вод-извод села,на делница од постоечки столб до нова трафостаница во село Туралево,општина Кратово ,Ве известува дека предметниот опфат на траса,к.п.2410/1 и к.п.354/1за КО Туралево не е во опфат на важечки урбанистички план или урбанистичко планска документација односно се во рамки на плански опфат на урбанистички план,односно урбанистичка планска документација која е во постапка на донесување.
Трасата со опфат к.п.354/3 влегува во опфат на Државна урбанистичка планска документација(ДУПД) за*ИНДУСТРИСКА ЗОНА КРАТОВО*КО Туралево,општина Кратово донесена од страна на Министерството за транспорт и врски Скопје.

Изработил:
Цане Анчов,д.и.а.

Градоначалник
на општина Кратово
Тодорче Николовски

ОПШТИНА КРАТОВО
Плоштад ,,Павел Шатев,, Бр.1 1360 КРАТОВО
Контакт тел. и факс:+389 31 481 202
www.opstinakratovo.gov.mk
e-mail: contact.kratovo@gmail.com

ОПШТИНА КРАТОВО
-Одделение за урбанизам,комунални работи,
Заштита на животната средина и ЛЕР
Број 03-7/41 од 07.07.2023 год.

Градоначалникот на Општина Кратово, Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и лер - Општина Кратово, врз основа на член 102 од Законот за општа управна постапка (Сл.весник на РМ,бр.124/15) по барање бр.03-7/41 од 06.07.2023 год. поднесено од ЕВН Мадеконија АД-КЕЦ Кратово ул. Илинденска бр.2, Кратово, го издава следното,

У В Е Р Е Н И Е

Од увид во службената евиденција на Одделението за урбанизам, комунални работи заштита на животната средина и лер при општина Кратово, предложената катастарска парцела 2410/1, запишана во Имотен лист број 156, предложената катастарска парцела 2410/5, запишана во Имотен лист број 604 и предложената катастарска парцела 354/1, запишана во Имотен лист број 207, за КО Туралево, м.в.Страна **не се во рамки** на плански опфат на важечки урбанистички план или урбанистичко планска документација, односно **се во рамки** на плански опфат на урбанистички план, односно урбанистичка-планска документација која е во постапка на донесување.

Уверението му се издава по барање на барателот за да му послужи каде има потреба од истото

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Уверение незадоволната странка има право на Приговор до Градоначалникот на Општина Кратово.

Доставено до:
- Архива
- Барателот

Изработил:
Лилјана Ѓ.Стефанов

Контролирал:
Цане Анчов:д.и.а

Градоначалник
на Општина Кратово
Тодорче Николовски

СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ
И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

16.12. 2024

АРХИВСКИ БРОЈ: 40 – 6956 /4

ДО: Студио ЏОН и ЏОНИ Скопје

ПРЕДМЕТ: Известување

Почитувани,

Во врска со вашето Барање податоци и информации бр.924-2/24 од 29.07.2024 година, согласно Законот за урбанистичко, за Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 –Водови за пренос на електрична енергија – Изградба на нов крак од 10 кV вод - извод Села, на делница од постоечки столб до нова трафостаница во село Туралево– Општина Кратово, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство Ве известува со следното:

Согласно доставената документација Список на индикации за катастарски парцели издаден од Агенција за катастар на недвижности бр.09-21/237 од 28.11.2024 година констатирано е дека предмет на барањето за податоци и информации е земјиште со катастарска култура река, градежно неизградено земјиште, земјиште под зграда, кое согласно закон за земјоделско земјиште не претставува земјоделско земјиште и не е во надлежност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Раководител на Сектор
Жанета Ѓорѓиевска

Изработил: Розе Димовска
Контролирал: Аднан Алии

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанствона Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477 www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ MKC EN ISO 9001:2015

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост

ул. Булевар Свети Климент Охридски бр.54, Скопје,
поштенски фах: 583
тел. 02 6090-137, 02 3117 555
e-mail: contact@nomagas.com.mk
www.nomagas.com.mk
ЕМБС: 7649401

До: Електродистрибуција ДООЕЛ
КЕЦ Кратово
Ул.Илинденска бр.2
Кратово

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на [illegible] НОМАГАС Скопје во државна сопственост,
[illegible] Ndërmarrësi për Ushtrimin e Veprimtarisë Energjetike
përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore
Бр.-Кр. 08-5478/2
15.12 2023 год.viti.
Skopje-Shkup

Предмет: Одговор на барање
Врска: Услови за влез во заштитна зона на МРС
Ваш бр: уп 1 11-180 од 04.12.2023


По извршениот преглед на Вашата ситуација со дадена траса за изградба на енергетски кабел во фабрика Иднина – Кратово, извршивме вцртување на изведениот гасовод и МРС Иднина. Утврдивме дека нема пресек на инсталациите. Заштитната зона од 15метри од мерна регулациона станица се однесува за изградба на објекти за престој на луѓе, а не за поставување на подземни инсталации.

Благодариме на соработката.

Со почит,

Изработил:
Сашко Петрески дипл.геод.инж.

НОМАГАС АД Скопје
По овластување на Извршниот Директор
Раководител на Сектор за изградба на гасоводен систем
Оливера Костанчева дипл.маш.инж


e-Урбанистички
ПЛАНОВИ
info@studiodzonidzony.mk
Друштво за проектирање, инженеринг, консалтинг, производство и трговија увоз-извоз ЏОН И ЏОНИ ДОО Прилеп, Подружница Скопје
Детали за постапка за податоци, информации и мислења
Број на постапката:
64006
Статус:
Кај општини/институции
Наслов
Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 –Водови за пренос на електрична енергија – Изградба на нов крак од 10 kV вод - извод Села, на делница од постоечки столб до нова трафостаница во село Туралево– Општина Кратово
Датум на креирање
29.07.2024
Иницијатор
Друштво за проектирање, инженеринг, консалтинг, производство и трговија увоз-извоз ЏОН И ЏОНИ ДОО Прилеп, Подружница Скопје
Надлежен орган
/
ДОКУМЕНТИ
ДИСКУСИЈА
Пребарај
Документи за барањето
Име на документот
Тип на документ
Креирано од
Креирано на
Опис
Дигитален Потпис
64006 - Барање од МЗШВ
Податоци и информации
borce.lozanovski@mzsv.gov.mk
06.08.2024 11:22:08
Барање за дополнување
Да
ПИМ
Податоци и информации
cane_ancov@opstinakratovo.gov.mk
31.07.2024 12:23:51
Да
KEC Kratovo DTIRZ Turalevo azur PDF PP
Ажурирани геодетски подлоги
info@studiodzonidzony.mk
29.07.2024 12:32:50
Да
KBTS DTIRZ TURALEVO azur - PP
Ажурирани геодетски подлоги
info@studiodzonidzony.mk
29.07.2024 12:32:40
Да
БАРАЊЕ ЗА ПОДАТОЦИ и нформации чл.47
Друг тип на документ
info@studiodzonidzony.mk
29.07.2024 12:32:29
Да
e-Урбанистички
ПЛАНОВИ
info@studiodzonidzony.mk
Друштво за проектирање, инженеринг, консалтинг, производство и трговија увоз-извоз ЏОН И ЏОНИ ДОО Прилеп, Подружница Скопје
Име на документот
Тип на документ
Креирано од
Креирано на
Опис
Дигитален Потпис
740. AEK 1404-2512-2
Податоци и информации
sofka.jovevska@aec.mk
11.11.2024 10:59:15
Да
740. AEK KBTS DTIRZ TURALEVO azur - PP
Податоци и информации
sofka.jovevska@aec.mk
11.11.2024 10:59:24
Да
64006-17-2686-2
Податоци и информации
integrirana.zastita@uzkn.gov.mk
22.08.2024 12:41:46
UZKN
Да
0939_11138_02_Известување по констатирани недостатоци
Податоци и информации
i.kaljkova@katastar.gov.mk
12.08.2024 14:46:51
Одговор од АКН
Да
АД МЕПСО
Податоци и информации
angela.georgievska@mepso.com.mk
09.08.2024 14:45:14
податоци.АД МЕПСО
Не
Одговор од ЈП ЖРСМ Инфраструктура Е-64006
Податоци и информации
l.gruevska@mzi.mk
09.08.2024 09:57:58
Одговор од ЈП ЖРСМ Инфраструктура
Не
ED_Mrezha
Податоци и информации
Gjorgji.Polincev@evn.mk
08.08.2024 08:24:45
ED
Да
ED_Mrezha
Податоци и информации
Gjorgji.Polincev@evn.mk
08.08.2024 08:24:41
ED
Да
ED_Odgovor_potvrda
Податоци и информации
Gjorgji.Polincev@evn.mk
08.08.2024 08:24:51
ED
Да
Archive Aug 07, 2024 (11)
Податоци и информации
dragicag@roads.org.mk
07.08.2024 11:47:43
Одговор од ЈП ДП

Графички дел

1. Услови за планирање на просторот Y14124 од јуни 2024г.
2. Ажурирана геодетска подлогасо нанесен опфат
3. Карта на изграден градежен фонд
4. Карта на изградена комунална инфраструктура

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 1313/2024

Дата...08...07...2024

Врз основа на член 42, став (1) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), а во врска со член 4, став (3) од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Кратово се издаваат **Услови за планирање на просторот со намени водови за пренос на електрична енергија – изградба на нов крак од 10 kV вод, КО Туралево, Општина Кратово.**

Должината на трасата изнесува 118 м.

Трасата се граничи со плански опфатиза кои што се издадени Услови за планирање на просторот за:

- Државна урбанистичка планска документација на индустриска зона Кратово, КО Туралево, Општина Кратово, со тех. бр. 04515.
- Урбанистички план за село Туралево, Општина Кратово, со тех. бр. 26616.

Граници на влијанија на макрорегион. центри

Општински центар

Образование

Средно Вишо Високо

Здравствена заштита

2 Секундарна 3 Терцијална

Оски на развој

источна

југ-југ

север-југ

северна

западна

Слободна економ.зона

Автопат

Магистрален пат


Регионален пат

Железничка мрежа

Воздухоплов. пристан.

Стопански аеродром

Спортски аеродром


4 0 4 8 Км
P 1:250000
Крива Паланка
M-2
M-2
Раниковце
Клечевце
Кратово
Пробиштип
10 kV вод
Коинце
Пјклиште
Дејловце
Станча
Криви Камен
Баратлија
Баштево
Габар
Жидилово
Дрење
Лозаново
Крклва
Кошари
Варовиште
Градец
Милутинце
Длабочица
Радибуш
Дренок
Аљинце
Цвиланце
Добрача
Драгоманце
Стрновац
Канарево
Макреш
Орах
Војник
Облавце
Стрезовце
Отошница
Љубинци
Гиновци
Вржогрнци
Ветуница
Одрено
Опила
Пендак
Трновац
Крилатица
Вакуф
Талашманце
Куклица
Димонце
Бељаковце
Довезенце
Јачинце
Косматац
Мургаш
Кутлибег
Пезово
Кучкарево
Градиште
Габреш
Павлешенци
Кокошиње
К'шање
Татомир
Шопско Рударе
Коњух
Вакуф
Туралево
Живалево
Кетеново
Горно Кратово
Мушково
Којково
Емирица
Шлегово
Приковци
Близанци
Луково
Куново
Јамиште
Нежилово
Книежево
Каврак
Дренак
Борово
Мождивњак
Песача
Конопница
Станци
Гзи
Гзинци
Гзинца
Гзинци
Гзинци
Гзинци

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23


Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани

Далноводи
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

Трафостаници
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти


Тема:
Заштита на животната средина


Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини






354/1	Број на Катастарска парцела		Помала падна линија
490.48	Кота на терен		Железна ограда на sид
78o	Број на детална точка		Sидана ограда Sид од наслаган камен
47	Детална точка на плански опфат		Знак за водотек
	Постојна Катастарска евиденција		Дворна чешма
	Помошна линија		Опфат на купени податоци
	Плански опфат		Далековод низок / висок напон бетонски
	Предлог траса - подземен вод		Трафостаница на железен столб
1	Објект, број на објект		Контролно окно
	Станбен, помошен, деловен објект		Ревизионо окно кружно
	Згради во индустрија, хали		Гасовод
	Големи стрмнини		

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ P=791.27 m²

ИМЕ НА ЛОКАЦИЈАТА: КО Туралево , Општина Кратово		НАРАЧАТЕЛ: ЕВН Македонија АД - Скопје,	EVN
	Име:	ИЗРАБОТИЛ: ,,СТУДИО ЏОН И ЏОНИ ,, ДОО Прилеп -Подружница Скопје Друштво за планирање, проектирање и инженеринг ул.„Анкарска „бр.23 - 2 тел 30 67 260, 075 28 66 98 e mail: studiodzonidzony@yahoo.com	
проектант :	Антонин Попов, дипл.еп.инж.		
проектант планер:	Кузманоска Наташа дипл.инж.арх Овластување бр. 0.0117	Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 -Водови за пренос на електрична енергија - Изградба на нов крак од 10 kV вод - извод Села, на делница од постоечки столб до нова трафостаница во село Туралево- Општина Кратово	
соработник:	Никоска Васе дипл.инж.арх Овластување бр. 0.0176		
проект:	Урбанистички проект	документациона основа	ИМЕ НА ЦРТЕЖОТ: АЖУРИРАНА ПОДЛОГА СО НАНЕСЕН ОПФАТ
технички број: 33/25	дата : 01.2025	големина: А3 размер: 1:500	ЛИСТ: 2



354/1	Број на Катастарска парцела		Помала падна линија
490.48	Кота на терен		Железна ограда на sид
78o	Број на детална точка		Sидана ограда Sид од наслаган камен
47	Детална точка на плански опфат		Знак за водотек
	Постојна Катастарска евиденција		Дворна чешма
	Помошна линија		Опфат на купени податоци
	Плански опфат		Далековод низок / висок напон бетонски
	Предлог траса - подземен вод		Трафостаница на железен столб
1	Објект, број на објект		Контролно окно
	Станбен, помошен, деловен објект		Ревизионо окно кружно
	Згради во индустрија, хали		Гасовод
	Големи стрмнини		

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ P=791.27 m²

ИМЕ НА ЛОКАЦИЈАТА: КО Туралево , Општина Кратово		НАРАЧАТЕЛ: ЕВН Македонија АД - Скопје,	EVN
	Име:	ИЗРАБОТИЛ: ,,СТУДИО ЏОН И ЏОНИ „ ДОО Прилеп -Подружница Скопје Друштво за планирање, проектирање и инженеринг ул„Ангарска „.бр.23 - 2 тел 30 67 260, 075 28 66 98 e mail: studiodzonidzony@yahoo.com	
проектант :	Антоний Попов, дипл.ел.инж.		
проектант планер:	Кузманоска Наташа дипл.инж.арх Овластување бр. 0.0117	Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 -Водови за пренос на електрична енергија - Изградба на нов крак од 10 kV вод - извод Села, на делница од постоечки столб до нова трафостаница во село Туралево- Општина Кратово	
соработник:	Никоска Васе дипл.инж.арх Овластување бр. 0.0176		
проект:	Урбанистички проект	документациона основа	ИМЕ НА ЦРТЕЖОТ: Карта на изграден градежен фонд / ЛИСТ: 3
технички број: 33/25	дата : 01.2025	големина: А3 размер: 1:500	

190/1
185
187
188
189
235
236/1
236/2
2415/1
2415/2
Регионален пат Р1205, К.Паланка - Кратово
355/1
355/2
Почетна точка постоечки столб
„7„ од 10 kV далновод Села
358/1
358/2
10/5
2410/2
354/1
354/3
Нова КБТС-1
СПОРТСКИ ТЕРЕН-ИГРАЛИШТЕ
АСФАЛТЕН ПАТ
кратовска река
ЕВН 0.4kV НАДЗЕМЕН ВОД
ЕВН 10(20)kV НАДЗЕМЕН ВОД СО ЗАШТИТЕН ПОЈАС 14 М
ЕВН КОРИДОРИ
ЕВН 10(20)kV ПОДЗЕМЕН ВОД ПРЕДВИДЕН
ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ КАБЛИ
БАКАРЕН КАБЕЛ
НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ
ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ P=791.27 m²

ИМЕ НА ЛОКАЦИЈАТА: КО Туралево , Општина Кратово		НАРАЧАТЕЛ: ЕВН Македонија АД - Скопје,	EVN
	Име:	ИЗРАБОТИЛ: ,,СТУДИО ЏОН И ЏОНИ ,, ДОО Прилеп -Подружница Скопје Друштво за планирање, проектирање и инженеринг ул.„Анкарска „бр.23 - 2 тел 30 67 260, 075 28 66 98 e mail: studiodzonidzony@yahoo.com	
проектант :	Антонин Попов, дипл.ел.инж.		
проектант планер:	Кузманоска Наташа дипл.инж.арх Овластување бр. 0.0117	Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 -Водови за пренос на електрична енергија - Изградба на нов крак од 10 kV вод - извод Села, на делница од постоечки столб до нова трафостаница во село Туралево- Општина Кратово	
соработник:	Никоска Васе дипл.инж.арх Овластување бр. 0.0176		
проект:	Урбанистички проект	документациона основа	ИМЕ НА ЦРТЕЖОТ: Карта на изградена комунална инфраструктура
технички број: 33/25	дата : 01.2025	големина: А3	ЛИСТ: 4
		размер: 1:500	

Студио Џон и Џони
http://studiodzonidzony.mk/
Ул. Анкарска 23- 2, 1000 Скопје
+(389) 2 30 67 260
info@studiodzonidzony.mk

Друштво за проектирање, инжинеринг, консалтинг ,,Џон и Џони,,ДОО Прилеп,
Подружница Студио Џон и Џони ДОО Скопје
моб.тел: 075 286 698, 075 208 487, 078 447 082

III. ПЛАНСКИ ДЕЛ

III.1. Текстуален дел

1. Проектна програма
2. Детални услови за проектирање и градење
2.1. Општи услови за изградба
2.2. Посебни услови за изградба
2.3. Табеларен приказ на координати од проектен опфат
2.4. Билансни показатели
2.5. Нумерички показатели

1. Проектна програма

Проектната програма за изработка на **Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 –Водови за пренос на електрична енергија – Изградба на нов крак од 10 кV вод - извод Села, на делница од постоечки столб до нова трафостаница во село Туралево – Општина Кратово** **е одобрена** со Решение бр.12-969/4 од 19.08.2024г. Кратово во постапка бр. 64005 е одобрена во електронскиот систем е-урбанизам.

ПРОЕКТИРАЊЕ • ИЗВЕДБА • НАДЗОР
СТУДИО ЏОН И ЏОНИ СКОПЈЕ
ул. Анкарска 29 лок. 18 • 1000 Скопје
Тел.: 02/306 72 60 • Моб.: 076/346 371

„СТУДИО ЏОН И ЏОНИ„ДОО

друштво за проектирање, инженеринг, консалтинг, производство и трговија
„ЏОН И ЏОНИ„ ДОО Прилеп - подружница Скопје
www.studiodzonidzony.mk - info@studiodzonidzony.mk

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

за

Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 –Водови за пренос на електрична енергија – Изградба на нов крак од 10 kV вод - извод Села, на делница од постоечки столб до нова трафостаница во село Туралево– Општина Кратово

(планскиот опфат ќе се движи по траса на КП бр.2410/1, КП бр.354/1 и КП бр.354/3, сите во КО Туралево)

Објект: Градба од втора категорија со намена
Е1.8 –Водови за пренос на електрична енергија

Друштво за проектирање,инженеринг консалтинг,производство и трговија увоз-извоз Никола и Илија ДОО ЏОН и ЏОНИ
Студио ЏОН и ЏОНИ
Бр. 92-1 /24
29.07.2024 год
Скопје

Локација: **КО Туралево,Општина Кратово**

Инвеститор: ЕВН Македонија
Планер: Студио ЏОН И ЏОНИ ДОО Прилеп - подружница Скопје
Лиценца бр: 0060
Планер: Наташа Кузманоска диа (овластување бр.0.0117)
Соработник: Васе Никоска диа (овластување бр.0.0176)
јули, 2024

Студио ЏОН И ЏОНИ ДОО Прилеп
- подружница Скопје
Управител: Наташа Кузманоска диа

Студио ЏОН и ЏОНИ Скопје

2. ТЕКСТУАЛЕН И ГРАФИЧКИ ДЕЛ

2.1. ВОВЕД

Проектната програма се однесува за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 –Водови за пренос на електрична енергија – Изградба на нов крак од 10 кV вод - извод Села, на делница од постоечки столб до нова трафостаница во село Туралево – Општина Кратово

ЗАКОНСКА И ПОДЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

Проектната програма **Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 –Водови за пренос на електрична енергија – Изградба на нов крак од 10 кV вод - извод Села, на делница од постоечки столб до нова трафостаница во село Туралево – Општина Кратово** се изработува во согласност со:

-Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23) чл.62 ст.3,
-Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и
-Друга законска и подзаконска регулатива која се користи при изработка на плански и проектни документи од различни области поврзани со предметната.

ОПИС НА ПЛАНСКО-ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Планскиот опфат на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 –Водови за пренос на електрична енергија – Изградба на нов крак од 10 кV вод - извод Села, на делница од постоечки столб до нова трафостаница во село Туралево – Општина Кратово, ќе се движи по траса која започнува од постоечки СН столб на 10 kV далновод Села на КП бр.2410/1 КО Туралево, продолжува по истата КП, јужно, покрај Кратовска река, се до пресекот со КП бр.354/1 КО Туралево од северната страна, продолжува да се движи по неа кон север, кон Регионалниот пат Р 1205, Крива Паланка - Кратово, а пред да стигне до истиот, врти кон исток на КП бр.354/3 КО Туралево, каде завршува со планирана нова КБТС во ДТИРЗ „Кратово“ с.Туралево, на КП бр.354/3 КО Туралево, со ширина од 2м., околу оптичкиот кабел.

Должината на линиската инфраструктура изнесува 391,30m.,
ширината 2,0m. Или
вкупната површина на планскиот опфат изнесува 792m2.

Трасата на опфатот за Каблирање со 10(20)кВ кабел е дефинирана со следните координати:

Список на координати на детални точки на плански опфат

1	7593860.8454	4660453.1182
2	7593859.0086	4660453.8397
3	7593847.9745	4660425.0802
4	7593840.9125	4660402.6850
5	7593831.7178	4660391.9294
6	7593825.8439	4660381.1689
7	7593815.9935	4660367.9584
8	7593809.5600	4660356.2072
9	7593793.5774	4660358.5390
10	7593770.2133	4660362.4443
11	7593733.2092	4660368.9293
12	7593713.6829	4660373.6001
13	7593700.2766	4660376.6471
14	7593691.2294	4660379.3338
15	7593670.7526	4660384.8569
16	7593654.9751	4660388.5204
17	7593645.9547	4660391.3462
18	7593611.4058	4660394.5837
19	7593600.8849	4660395.6524
20	7593575.0277	4660405.4755
21	7593553.4480	4660415.1431
22	7593542.4041	4660421.7933
23	7593543.4359	4660423.5067
24	7593554.3760	4660416.9189
25	7593575.7923	4660407.3245
26	7593601.3491	4660397.6156
27	7593611.6002	4660396.5743
28	7593646.3513	4660393.3178
29	7593655.5009	4660390.4516
30	7593671.2394	4660386.7971
31	7593691.7746	4660381.2582
32	7593700.7834	4660378.5829
33	7593714.1371	4660375.5479
34	7593733.6148	4660370.8887
35	7593770.5507	4660364.4157
36	7593793.8866	4660360.5150
37	7593808.4732	4660358.3870
38	7593814.3065	4660369.0416
39	7593824.1561	4660382.2511
40	7593830.0622	4660393.0706
41	7593839.1275	4660403.6750
42	7593846.0855	4660425.7398
43	7593857.8634	4660456.4383
44	7593861.5766	4660454.9798
45	7593861.7594	4660455.4452
46	7593865.4825	4660453.9828
47	7593864.3857	4660451.1904
48	7593860.6626	4660452.6528
49	7593860.8454	4660453.1182

Изготвил

м-р. Зоран Арсов дипл. геод. инг.

ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ
(СИСТЕМ НА КЛАСИ НА НАМЕНИ)

Со Проектната програма за **Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 –Водови за пренос на електрична енергија – Изградба на нов крак од 10 кV вод - извод Села, на делница од постоечки столб до нова трафостаница во село Туралево – Општина Кратово**, се предвидуваат следните наменски употреби на земјиштето, ОДНОСНО, барањата на градбите во опфатот ке бидат со :

-Група на класи на намени: Е-Инфраструктури

-Класа на намена: Е1.8 –Водови за пренос на електрична енергија - Каблирање со 10(20)кВ кабел, делница од постоечки столб до нова трафостаница во село Туралево – Општина Кратово,

Учеството на комплементарните, компатибилните и алтернативни намени во однос на основната класа на намена да биде во согласност со чл.80 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ 225/20 , 219/21 и 104/22).

ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

За предвидената класа на намена потребно е да се предвиди квалитетна инфраструктура, во смисла пристап до локацијата (кој е веќе воспоставен и постоен), а постојната инфраструктура, доколку ја има на локалитетот, потребно е да се прилагоди соодветно со планските потреби.

Од претходно изнесените планско проектни барања на инвеститорот и расположливите просторни и технички предуслови на локалитетот за понатамошно негово реализирање со намена намена : Е1.8 –Водови за пренос на електрична енергија - Каблирање со 10(20)кВ кабел, делница од постоечки столб до нова трафостаница во село Туралево – Општина Кратово, треба да ја дополнат севкупната рамковна проекција од Просторниот план на РСМакедонија и да се издадат Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 –Водови за пренос на електрична енергија – Изградба на нов крак од 10 кV вод - извод Села, на делница од постоечки столб до нова трафостаница во село Туралево – Општина Кратово.**

ЦЕЛИ

Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план, се изработува за поединечни градби, комплекси на градби и инфраструктури од државно и локално значење вон населените места и вон опфат на урбанистичките планови, и тоа на земјоделско, шумско и друго земјиште, крајбрежни појаси и други простори за кои што не постојат услови или економска оправданост за донесување на урбанистички план.

Со истиот, како развоен документ, има крајна цел преку:

-рационално користење на земјиштето,

-почитување на пејсажните вредности
-почитување на културното и градителското наследство,
-подигнување на хуманоста на просторот и непречено движење
-почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето,
-предвидување мерки за заштита и многу други цели,

да ги утврди параметрите кои се потребни за издавање на одобрение за градење, при реализација на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 –Водови за пренос на електрична енергија – Изградба на нов крак од 10 кV вод - извод Села, на делница од постоечки столб до нова трафостаница во село Туралево – Општина Кратово.

Основа за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план ќе биде Просторниот план на Република Македонија.

МЕТОДОЛОГИЈА


Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија – Изградба на нов крак од 10 кV вод - извод Села, на делница од постоечки столб до нова трафостаница во село Туралево – Општина Кратово, ЌЕ СЕ ИЗРАБОТИ ВРЗ ОСНОВА НА МЕТОДОЛОГИЈАТА, која произлегува од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23), како и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/2022 и 99/23).

При изработката ќе се почитуваат сите други законски и подзаконски акти од различни области, кои влијаат на планирањето. Планско проектната документација да се изработи врз основа на Ажурирана Геодетска подлога, каде ќе се евидентираат сите постојни надземни и подземни градби во рамките на проектниот опфат и пошироко, во документационата основа на планот.

Изработувач/Планер

Васе Никоска диа
Овластен планер

Студио ЏОН И ЏОНИ ДОО Прилеп
- подружница Скопје
Управител: Наташа Кузманоска диа



ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЧНА ЛИНИЈА НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
- БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
- ОБЈЕКТИ
- ПОМОШНИ ЛИНИИ (асфалт, тротоари, патека,и.т.н)
- СТАНБЕН ОБЈЕКТ И БРОЈ НА ОБЈЕКТ
- ПОМОШНИ ОБЈЕКТИ И БРОЈ НА ОБЈЕКТ
- ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ И БРОЈ НА ОБЈЕКТ
- ШАХТИ
- СТОЛБ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА - БЕТОНСКИ, ДРВЕН
- ПОТПОРЕН СИД
- ЖЕЛЕЗНА ОГРАДА НА СИД
- 63or БРОЈ И ОПИС НА ДЕТАЛНА ТОЧКА
- 147.42 АПСОЛУТНА ВИСИНА НА ДЕТАЛНАТА ТОЧКА
- ТРАНСФОРМАТОР
- ТРАНСФОРМАТОР НА БЕТОНСКИ СТОЛБ
- НАДЗЕМЕН КАБЛОВСКИ ОРМАН
- ТЕЛЕФОНСКИ СТОЛБ
- ОПФАТ НА КУПЕНИ ПОДАТОЦИ ОД ГКИС
- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ P=792 m²

ИМЕ НА ЛОКАЦИЈАТА: КО Туралево , Општина Кратово		НАРАЧАТЕЛ: ЕВН Македонија АД - Скопје,	EVN
	Име:	ИЗРАБОТИЛ: „СТУДИО ЏОН И ЏОНИ „ ДОО Прилеп -Подружница Скопје Друштво за планирање, проектирање и инженеринг ул.„Анкарска „бр.23 - 2 тел 30 67 260, 075 28 66 98 e mail: studiodzonidzony@yahoo.com	
проектант :	Антонин Попов, дипл.ел.инж.		
проектант планер:	Куманоска Наташа дипл.инж.арх Овластување бр. 0.0117	Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 -Водови за пренос на електрична енергија - Изградба на нов крак од 10 kV вод - извод Села, на делница од постоечки столб до нова трафостаница во село Туралево- Општина Кратово	
соработник:	Никоска Васе дипл.инж.арх Овластување бр. 0.0176		
проект:	Урбанистички проект	документациона основа	ИМЕ НА ЦРТЕЖОТ: АЖУРИРАНА ПОДЛОГА СО НАНЕСЕН ОПФАТ / ЛИСТ: 1
технички број: 97/24	дата : март, 2024	големина: 841/594 размер: 1:500	

2. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

2.1. Општи услови

Сите услови за реализација на оваа проектна документација, **Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 –Водови за пренос на електрична енергија – Изградба на нов крак од 10 kV вод - извод Села, на делница од постоечки столб до нова трафостаница во село Туралево – Општина Кратово,** се базираат на: **Услови за планирање на просторот Y14124 од јуни 2024г., издадени од Агенцијата за планирање на просторот.**

Условите за планирање претставуваат влезни параметри и насоки при поставување на планските концепции и решенија во сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

Изработката на овој проект е заради модернизирање и технолошки унапредување на мрежата на ЕВН, со активности и реализација на инфраструктурни објекти во целата држава.

Основна класа на намена е **Е1 -Сообраќајни, линиски и др .инфраструктури Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија** /Високо и средно напонски електрични водови/.

Земјиштето во проектниот опфат како урбанистички параметар и како планерски елемент во Урбанистичкиот проект, а кое се однесува на подземниот вод, не се парцелизира затоа што се работи за земјиште за општа употреба со намена Е1 (комунална инфраструктура – подземен вод).

- Растојанието помеѓу две гранични линии го определува профилот на инфраструктурниот коридор и при проектирањето во рамките на оваа проектна документација за подземниот вод се предвидува ширина 2.0 метри.
- Трасата на електричниот вод, според добиените известувања и подлоги од претпријатијата кои поседуваат подземни инсталации од телекомуникациски и комунален карактер, не третира други инсталации.
- При изработка на проектната документација за електричниот вод од пониско ниво да се превземат сите неопходни мерки за заштита на постојните подземни инсталации од другите комунални претпријатија (електрика, водовод и канализација, телефонска мрежа).
- Доколку при изработка на проектна документација од пониско ниво или при уредување на просторот се дојде до нови одредени сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со поставувањето на електричниот кабел, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство.
- Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти односно дојде до откривање на материјални остатоци со културни– историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14,104/15,154,15,192/15,39/16,11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисол на член 129 од Законот. При вршење на ископот да се внимава да не дојде до оштетувања на останатата улична и патна мрежа и истата по завршувањето на ископот доколку има оштетувања истите да се отстранат и да се врати во првобитна состојба. На местата каде има премин изведбата да биде идентична. По завршување на работите, рововите и окната

односно целокупната патна мрежа, треба да се врати во првобитна состојба од страна на изведувачот односно инвеститорот .

- Отстранувањето на градежниот шут и поголеми количини на отпадоци при изградбата и експлоатацијата на подземната кабловска врска (траса) ќе го врши директно на своја сметка причинителот на истите и тоа директно во регионалната (градска) депонија под услови кои ќе ги одреди Управувачот или сопственикот на депонијата.
- Начинот на изведување на кабелот треба во целост да биде во согласност со работните услови во смисла на комплетно доведување на трасата во првобитна состојба по завршувањето со полагање на подземниот кабел со максимално искористување на истиот материјал од ископот за затрупување на ровот.

2.2. Посебни услови за градба

Оваа проектна документација ја опфаќа со урбанизација дефинираната зона за комунална инфраструктура која ја опфаќа трасата на електричниот вод.

Основната класа на намена е **Е1 Сообраќајни, линиски и др .инфраструктури Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија** /Високо и средно напонски електрични водови/.

За основната класа на намена Е1 Сообраќајни, линиски и др .инфраструктури Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија /Високо и средно напонски електрични водови/, определена со границата на опфатот на овој Урбанистички проект за инфраструктура се планира изградба на електричен вод за кој не се формира градежна парцела. Земјиштето во проектниот опфат како урбанистички параметар и како планерски елемент во Урбанистичкиот проект за инфраструктура, а кое се однесува на кабелот, не се парцелизира, затоа што се работи за земјиште за општа употреба со Е1 - Сообраќајни,линиски и др .инфраструктури **.**

Од овие причини границата на проектниот опфат е ориентациона, односно истата можно е да се прошири или намали доколку биде условено од задоволување на стандардите и нормативите за проектирање на инфраструктурната градба.

Со оваа проектна документација линијата на оската на електричниот вод, во графички дел е обележана со црвена испрекината линија како линија врз база на која се оформува површината на опфатот на трасата.

Растојанието помеѓу двете гранични линии го определува профилот на инфраструктурниот коридор и при планирање во рамките на оваа проектна документација, ширината на овој подземен инфраструктурен коридор изнесува 2 м. (0,4 м за ископ и 0,6 м за одлагање на земја од едната страна и исто толку од другата страна).

Длабочината на ровот се предвидува да изнесува од 70 – 100 см. во зависност од намената на земјиштето.При полагање на кабелот на регулирани површини, на висина од 40 см. над кабелот се поставува една предупредувачка PVC лента во црвена боја со втиснат натпис за внимателност.

Ширината на ровот се предвидува да изнесува 0.40 м. Побарани се податоци од сите правни субјекти кои имаат своја подземна инфраструктура како и согласно добиените податоци од истите**,** извршено е усогласување согласно постоечките техничките прописи. Предметната траса, според добиените известувања и подлоги од претпријатијата кои поседуваат подземни инсталации од телекомуникациски и комунален карактер, се усогласува согласно сите стандарди и нормативи, наведени во истите.

Растојанијата при вкрстување како и хоризонталното растојание од постојната комунална инфраструктура се предвидува да биде согласно техничките прописи односно усогласено со сопствениците на истата.

Во графичкиот прилог инфраструктурен план означени се специфичните места каде има вкрстување и парално водење на енергетскиот кабел со имателите тк инсталациите.

Сите услови за изградба на просторот во рамките на третираната траса кои не се опфатени во приложените услови за изградба на просторот од оваа проектна документација да бидат во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република С. Македонија" бр.225/2020) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република С. Македонија" бр. 219/21, 104/22 и 99/23).

Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно – историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл.65 од Законот за заштита на културно наследство (,,Сл. весник на РМ,, бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15,154/15,192/15,39/16,11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на
културното наследство во смисла на чл. 129 од законот.

2.3. Табеларен приказ на координати од проектен опфат:

Трасата на опфатот за Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија – Изградба на нов крак од 10 kV вод – извод Села, на делница од постоечки столб до нова трафостаница во село Туралево – Општина Кратово, е дефинирана со координати кои се наведени во Документационата основа на овој урбанистички проект.

2.4. Билансни показатели

Билансните показатели како споредбена анализа на постојните нумерички показатели и нумерички показатели кои произлегуваат од проектното решение во оваа проектна документација не може да бидат дадени бидејќи просторот низ кој поминува планираниот елетричен вод во најголем дел покрај земјен пат, а се работи и за специфична класа на намена – инфраструктура.

2.5. Нумерички показатели:

- Површината на проектен опфат изнесува 791,27 $м^2$

Табеларен приказ на нумерички податоци

број на површина за градење	површина (м2)	површина за градење	Пбруто м2	максимална висина	спратност	П%	Ки	паркинг места	ознака за намена
1 Подзе. кабелски вод	779,27м2	779,27 м2	779,27 м2	0	0		1	0	$Е_1$
2 КБТС10(20)/0,4kV	12 м2	12 м2	12 м2	3,0 м	0	100%	1	0	$Е_1$
ВКУПНО	791,27 м2	791,27 м2	791,27 м2						

3.ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОЦЕПТ

Проектниот концепт за просторниот развој предложен во проектната документација се темели на основните насоки и смерници од **Услови за планирање на просторот** на максимално почитување на веќе создадените вредности, како и од самата специфичност на класата на намена на третираниот проектен опфат **Е1** - **Сообраќајни, линиски и др .инфраструктури Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија** /Високо и средно напонски електрични водови/**.**

При изборот на трасата на електричниот вод се водело сметка истата да биде економски и технички оправдана, како од економски аспект, така и од имотно правни односи.

Точната траса на предметниот електричен вод е дефинирана во графичкиот прилог,„Инфраструктурен план“ како и во текстуалниот дел Географско и геодетско одредување на проектниот опфат.

При определување на трасата на електричниот вод се тежнеело до максимум да се усогласи со останатите инфраструктурни инсталации од другите комунални претпријатија заради евентуално вкрстување и паралелно водење и при тоа да се запазат нивните услови од добиените потврди.

Опфатот на трасата на овој инфраструктурен објект претставува осовина на трасата на електричниот вод и се протега на работ на површината на работниот простор кој е потребен за поставување на кабелот.

Основната класа на намена е Е (инфраструктура)

- **Е1 Сообраќајни, линиски и др .инфраструктури**
  - **Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија**/Високо и средно напонски електрични водови/.

Овој просторен концепт со примена на планерските параметри и законски прописи треба да претставува основна база за изготвување на проектна документација од пониско ниво
за предвидениот електричен вод .

4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Мерки за заштита, пропишани со овој проект, претставуваат урбанистички мерки за заштита на опфатот од неповолни фактори и нивното негативно влијание на животната и работната средина.

Мерки за заштита на животната средина

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој е обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите на националното богатство и се организира и уредува со цел за вкупен развој на истиот.

При изработка на проектната документација е пристапено со намера колку е можно да се избегне негативно влијание на човековата околина.

Изборот на трасата за изградба на водот е правен така да се избегне минување низ уредени површини.

Анализата на активностите кои се превземаат при поставување на електричниот вод и активностите кои се неопходни во насока на одржување на истиот во текот на експлоатациониот период, овозможуваат утврдување на изворот на евентуалните негативни влијанија врз животната средина во текот на двете фази.

Во периодот на градба, земјаните активности се главен извор на негативно влијание врз животната средина.

Во оваа фаза се вклучени подготвителните активности и градежните активности.

Начинот на изведувањето на водот треба во целост да биде во согласност со работните услови, во смисол на комплетно доведување на трасата во првобитна состојба по завршувањето со изведбата на водот со максимално искористување на истиот материјал од ископот за затрупување на ровот. Столбчињата кои ќе се користат за обележување на трасата се од бетон кој нема негативни влијанија на околината. Во текот на експлоатационият период редовните активности и активностите кои се превземаат во интервентни случаи за одржување на поставениот вод би можеле да имаат негативно влијание врз животната средина. Загадувањето на животната средина подразбира емисија на загадувачки материи и супстанции во воздухот, водата или почвата, како резултат на антропогените активности, која може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија на загадувачки материи и супстанции од која може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите начини на користење на животната средина.

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целина, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој.

- Заштитата на животната средина, како темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) е регулирана со Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 39/16 и 99/18). Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. За заштита и унапредување на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон неопходно е да се почитуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области:

• Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија" број 100/12-пречистен текст, и бр. 163/13, 10/15 и 146/15),

• Закон за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија" број 09/11 - пречистен текст, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16)

• Закон за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија" број 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15),

• Закон за водите („Службен весник на Република Македонија" број 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) и други законски и подзаконски акти.

Заштитата и унапредувањето на животната средина се остварува со воспоставување на систем на планирање на заштитата кој ќе овозможи навремено спречување на потенцијалните ризици и опасности, санирање на оштетените сегменти и зачувување на чистата животна средина преку континуирано предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина.

Со цел да се обезбеди заштита на животната средина преку запазување на поставените стандарди, намалување или отстранување на отпадните материи и емисии на местото на кое настануваат потребно е да се има во предвид следното:

Согласно Законот за животна средина (Сл.весник на РМ бр. 53/05, бр. 81/05, бр. 24/07,бр. 159/08, бр. 83/09, бр.48/10, бр.124/10, бр.51/11, бр.123/12, бр.93/13, бр.187/13, бр.42/14 и бр.44/15) и Уредбата за

определување на проектите и за критериумите врз основа на кој се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животна средина, треба да се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина, во согласност со критериумите утврдени во членовите 5, 6, 7 и 8 од оваа Уредба, ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Согласно Законот за животната средина (Сл.весник на РМ бр. 53/05, бр. 81/05, бр. 24/07, бр. 159/08, бр. 83/09, бр.48/10, бр.124/10, бр.51/11, бр.123/12, бр.93/13, бр.187/13, бр.42/14 и бр.44/15) и Законот за заштита на природата (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10), правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведувањето на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведување на проектот.

Согласно член 7 од Законот за управување со отпад (Сл. Весник на РМ, бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 09/11, 123/12, 147/13 и 163/13), создавачите на отпад се должи во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

За подземни кабелски водови кои не се поставуваат во заштитни подрачја не треба да се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина и не треба да се изготвува Елаборат за заштита на животната средина.

Мерки за заштита на воздухот

Во фазата на изградба на предвидените содржини, можно е да се појават одредени локални и краткорочни влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух. При проектирање и реализација на објектите да се имплементираат принципите на енергетска ефикасност и да се предвидат мерки и активности за евентуално искористување на обновливи извори на енергија. Во периодот на експлоатација, транспортот по сообраќајницата ќе влијае на зголемување на концентрацијата на честици во воздухот, поради што е потребно да се предвиди соодветно заштитно зеленило. При избор на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет назагадувачки материи.

Бидејќи се работи за подземен кабелски вод емисии во воздух би имало само за време на изведбата на водот од градежната механизација, но тие би биле краткотрајни.

Мерки за заштита на водите

Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот. Управувањето со квалитетот на водите и воздухот индиректно ја зголемува и функционалноста на почвата, како краен реципиент на загадувачите отстранети од овие два медиума.

Бидејќи се работи за подземен кабелски вод, кога ќе биде пуштен во работа нема да врши никакви емисии на било какви материи во вода или во канализација.

Мерки за заштита на почвата

За време на градежните активности потребно е да се врши контролирано и внимателно отстранување на површинскиот слој од почвата, реупотреба на вишокот земјен материјал од ископите и организирано управување со отпадот согласно законската регулатива. Исто така потребное да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини, со цел спречување или намалување на контаминацијата на почвата предизвикана од транспортот по сообраќајниците.

Зелените површини да се уредат врз основа издадени услови за градба, произлезени од понатамошната планска документација, која покрај другите фази ќе ја содржи фазата хортикултура.Со плановите за хортикултура да се утврдат декоративни насади и видови со висок биоакумулативен потенцијал кон потенцијалните загадувачи на воздухот, а согласно амбиенталните и пејзажните карактеристики на околниот простор.

Со имлементација на предвидените мерки за управување со отпадот, отпадните води, како и со доследно почитување на законската регулатива, ќе се спречи или намали ризикот од загадување на почвата.

Мерки за заштита од бучава

Во насока на минимизирање на бучавата и вибрациите, се препорачува употреба на современа механизација во периодот на изградба, и примена на висококвалитетни изолациски материјали. Инвеститорите треба да ги почитуваат роковите за градба дадени од надлежниот орган, правилна организација на градежните активности и почитување на работното време, со цел намалување на вкупното време за градежни активности.

Мерка за заштита од бучава во планскиот опфат, претставува формирање насоодветно заштитно зеленило, што ќе придонесе за намалување на можните влијанија, особено од околните сообраќајници.

Од аспект на бучава, изведувањето на подземните водови ќе трае краткотрајно и може да предизвика само краткорочни пореметувања со незначителен интензитет.

Мерки за управување со отпадот

Неопходно е воспоставување и одржување на ефикасен систем за правилно управување со сите видови и количества на отпад. Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ќе ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина. *Подземниот кабелски вод кога ќе биде пуштен во работа, нема да создава никаков отпад или било какви отпадни материи. Создавање на отпад би имало само за време на изведбата на изградбата и демонтажата. Вишокот на материјал, во смисла на старите столбови, кабли,изолатори, земја, хартии ќе биде отстранет од страна на извршителот на изградбата на подземниот кабелски вод односно градежната фирма која ќе биде изведувач на проектот.*

Мерки за заштита на природата

Заштитата на природата се уредува преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштитана природното наследство, во заштитени подрачја, надвор од заштитени подрачја како и заштита на природни реткости.

Во современото планирање на просторот, задачите на заштитата на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната рамнотежа во просторот.

На просторот кој е предмет на анализа, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство, односно планскиот опфат не се наоѓа во простор со посебни природни вредности кои подлежат на посебен режим на заштита утврден во Законот за заштита на природата (“Службен весникна РМ”, број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16и 113/18).

Мерки за заштита и спасување

Условите пропишани со овој урбанистички проект се во согласност со:

-Законот за заштита и спасување (,,Службен весник на РМ,, број 93/12 -пречистен текст,41/14,129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и,,Сл.в. на РСМ", бр.82/20 и 215/21);

-Закон за пожарникарство (,,Службен весник на РМ,, бр. 67/04, 81/07,55/13,158/14, 193/15,39/16 и Пречистен текст 168/17, и ,,С.в. на РСМ", бр.152/19);

-Закон за управување со кризи (,,Службен весник на РМ,, бр.29/05 и 36/11 и 41/14 и 104/15,39/16), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Заштитата и спасувањето во РМ се организира како единствен систем за откривање и спречување на настанувањето напоследиците од настанатите природни и други несреќи и давање на помош во мир, вонредна и воена состојба.

Заштитата и спасувањето претставуваат поврзан процес за планирање, програмирање, организирање, раководење, командување, координирање, спроведувње, финансирање и надзор занавремена и ефикасна превенција како и подготвување, дејствување и отстранување на причините и последиците од природни непогоди и други несреќи.

Заштитата и спасувањето се работа од јавен интереси во РМ ги организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа,органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување, на начин уреден со овој закон, прописите донесени врз основана овој закон, како и нормативите, стандардите и правилата на техничката практика.

Субјектите дадени погоре, се должни да организираат заштита и спасување на своите вработени и луѓето затекнати во објектите во моментот на настанување на природната непогода или друга несреќа.

Организацијата на мерките за заштита и спасување опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерките за заштита и спасување.

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер, кои ги подготвуваат и спроведуваат (преку органите на државната управа во областите за кои се основани), единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите.

Спроведувањето на мерките за заштита и спасување од членот 61 на овој Закон, посебно за секоја, со уредба го уредува Владата на Република Македонија.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата. Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- при планирањето и уредувањето на просторот и населбите
- во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
- при изградба на објекти и инфраструктура.

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасувањето, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1. изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
2. регулирање на водотеците и изградба на систем на одбрамбени насипи
